АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 02.04.2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 1709 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски,**
**директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје

3. **Датум на извршување на надзорот:** 2 април 2018 година

4. **Предмет на надзорот:** Член 9 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (бр.01-5774/1 од 21.11.2014 година, изменет на 08.05.2015 година), според кој *„Бројот и структурата на вработените лица за радио на државно ниво од општ формат, треба да биде 10 (десет), од кои 3 (три) со висока стручна спрема (ВСС), вработени како новинари".*

5. **Претходно изречена мерка:** /

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека Трговското радиодифузно друштво РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје <u>ги исполнува минималните кадровски услови</u> утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

   <u>Образложение:</u> На 22.02.2018 година, Агенцијата побара од радиодифузерот (допис бр.03-896/1), во рок од седум дена од денот на приемот на дописот да ѝ достави документи (во оригинал или копии заверени на нотар) од коишто ќе може да се констатира дека ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот. Според повратницата од Македонска пошта, дописот беше примен од страна на ТРД РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје на 22.02.2018 година, а рокот за доставување на документите истекуваше на 01.03.2018 година. Бидејќи ТРД РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје не одговори на барањето во овој рок, на 06.03.2018 година Агенцијата испрати втор допис до радиодифузерот (наш бр.03-896/2), со кој му беше укажано дека е должен потребната документација да ја достави веднаш по приемот на овој допис и дека доколку не постапи по него Агенцијата ќе покрене постапка за одземање на дозволата за радио емитување.

   На 12.03.2018 година радиодифузерот во Агенцијата достави документи - еден договор за вработување на неопределено време и девет авторски договори - врз основа на кои беше констатирано дека ТРД РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување. Меѓутоа, од доставената документација беше видно и дека авторските договори помеѓу радиодифузерот и ангажираните лица се склучени истиот ден (на 12.03.2018 година) кога се доставени во Агенцијата, и тоа за период од само еден месец, односно со важност до 11.04.2018 година.

Заради утврдување на фактите што се од значење за донесување правилна одлука, на 20.03.2018 година Агенцијата побара од Агенцијата за вработување на Република Македонија (допис бр.03-896/4) податок дали физичкото лице Здравков Ристе, за кое ТРД РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје достави договор за вработување на неопределено време (склучен на 03.06.2015 година), се уште е во работен однос во радиодифузерот. На 29.03.2018 година, Агенцијата за вработување на Република Македонија достави до Агенцијата документ - Историјат на лице за лицето Здравков Ристе, од кој е видно дека ова лице има засновано работен однос во ТРД РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје на 04.06.2015 година, на работното место – управител, и дека овој работен однос се уште трае.

7. **Предлог:** Имајќи предвид дека авторските договори за лицата ангажирани во ТРД РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје се со важност до 11.04.2018 година, се дава следниот предлог:

- Да се изврши повторно вонреден надзор за да се утврди дали субјектот ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***